


[Прес соопштение] Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) во соработка со Институтот за демократија (ИДСЦС), во рамки на **проектот „ Мојот избор “** започнаа низа заеднички актив-ности за Локалните избори 2013, кои вклучуваат истражувања, набљудување на изборните програми и кампањи, на медиуми, на изборна администрација и на денот на гласање.

На јавноста веќе и беше презентирано истражувањето „ Профилот на мојот градоначалник “. Денес ви го презентираме воведното истражување на јавното мислење за очекуваната излезност на денот на изборите, проценката за освојување на советнички места, како и рејтинзите на партиите на национално ниво и довербата во политичарите .

Во однос на веројатноста за излегување на гласање за локалните избори на 24 март, **69, 2% од граѓаните се сигурни во тоа** . Ова е повеќе од претходните три изборни циклуси (63,5 % во 2011 г., 54,6 % во 2009 г. и 49,8 % во 2005 година).

Со оглед на тоа што анкетата е правена на национално ниво (анкетите по општини ќе следат во наредните денови), направена е анкета за советнички места. На прашањето **за која советничка листа ќе гласаат, 25,7 % се опреде-лиле за ВМРО-ДПМНЕ, 13,7 % за СДСМ, а следат ДУИ (9,7 %), ДПА (5,0 %) и НДП (1,6 %).**
Сите други (се појавуваат вкупно 13 субјекти) се со помалку од 1 %. Сепак, треба да се има предвид дека на минатите избори другите (вкл. независните) советнички листи освоиле речиси третина (31,8 %) од гласовите и со тоа – советнички места.

Оваа воведна анкета е искористена и за проверка на рејтингот на политичките партии во случај на парламентарни избори. И тука соодносот е сличен, **ВМРО-ДПМНЕ (26,6 %), СДСМ (14,9 %), ДУИ (9,9 %), ДПА (5,6 %) и НДП (1,5 %)**
.

Исто така, испитаниците беа прашани (отворено прашање, без читање иста) во кој политичар имаат најмногу доверба. Тука, **лидерите на петте парламентарни партии ја предводат листата на доверба** , со убедлива предност на Никола Груевски (28,7 %), пред Бранко Црвенковски (7,7 %), Али Ахмети (7,5 %), Мендух Тачи (4,3 %) и Руфи Османи (1,5 %). Од друга страна, најмногу граѓани (28,9 %) се определиле за одговорот „Ниту еден“.

Истражувањето е направено преку телефонска анкета на 8 и 9 март 2013 година, на репрезентативен примерок од 1.095 испитаници со +/- 3 % грешка.